# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Службен гласник на Општина Велес | Број 2 Година LX |
|---|---|
| Излегува по потреба | 29 јануари 2025 година |
| www.veles.gov.mk | opve@veles.gov.mk |


**Бр.4**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежното земјиште во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежното земјиште во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 60-тата седница одржана на ден 29.01.2025 година.

Број 08-843/1
29.01.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.01.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежното земјиште во 2025 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежното земјиште во 2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-841/4
29.01.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 95, став 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 224/24 и 233/24), а согласно Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија" бр. 193/16 и 72/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.16/22) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09,18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 60-тата седница одржана на ден 29.01.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежното земјиште во 2025 година**

1.Во Програмата за уредување на градежното земјиште на просторот на Општина Велес за 2025 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.13/24 ) се вршат следните изменувања:

- **во табелата Расходи со средства од Буџетот на Општина Велес**,

Во програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес во 2025 година, вкупниот износ 303.771.009,00 денари се брише и се заменува со 300.038.416,00 денари.

Во подпрограма Ф Урбано планирање, износ 16.500.000,00 денари се брише и се заменува со 15.767.407,00 денари

Во подпрограма Ф 30 Уредување на простор во рурални подрачја, износ 10.000.000,00 денари се брише и се заменува со 9.267.407,00 денари

Во точка 1. „Асфалтирање или бетонирање на улици во рурални подрачја ( Оризари, Сливник, Клуковец, Бузалково, Раштани, Рлевци, Караслари, Карабуниште, Крушје, Лугунци, Црквино, Ораовец, Слп, Иванковци, Мамутчево, Кумарино, Сујаклари, Рудник, Чалошево, Отовица, Новачани, Сопот, Ветерско и др.) и одржување и реконструкција на локални патни правци на територија на Општина Велес", износот 10.000.000,00 денари се брише и се заменува со 9.267.407,00 денари

Во подпрограма Ј Комунални дејности, износ 287.271.009,00 денари се брише и се заменува со 284.271.009,00 денари

Во подпрограма Ј30 Јавно осветлување износот 17.200.000,00 денари се брише и се заменува со 14.200.000,00 денари

Во точка 1 Потрошена електрична енергија износот 15.000.000,00 денари се брише и се заменува со 12.000.000,00 денари.

2. Оваа програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-841/4
29.01.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.5**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во

2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 60-тата седница одржана на ден 29.01.2025 година.

Број 08-843/2
29.01.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.01.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2025 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-841/5
29.01.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24 и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21) по предлог на Грдоначалникот

Советот на Општина Велес на 60-тата седница одржана на ден 29.01.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2025 година**

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2025 година („Службен гласник на Општина Велес" бр. 13/24) се врши изменување и тоа:

Во Глава II. Активности, во табеларниот приказ во колона Р10 "Заштита на животната средина и природата", износот од "5.470.000,00" се брише и се заменува со износ од "5.899.070,00".

Во колона Р10, во точка 4. "Набавка на материјал за хортикултурно уредување и пошумување" износот од "2.520.000,00" се брише и се заменува со износот од "2.949.070,00".

Понатаму, во табеларниот преглед во колона РА0 "Заштита на животната средина и природата (капитални расходи)", износот од "2.000.000,00" се брише и се заменува со износот од "2.198.523,00".

Во колона РА0, после точка 1 се додава нова точка 2 "Набавка на садови за хортикултурно уредување" со износ од "198.523,00".

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-841/5
29.01.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.6**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 60-тата седница одржана на ден 29.01.2025 година.

Број 08-843/3
29.01.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.01.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2025 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-841/6
29.01.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 точка 1, а во врска со член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45 став (1) од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 8/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 60-тата седница одржана на ден 29.01.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2025 година**

**Член 1**

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2025 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.13/24), во Главата „VIII. Табеларен приказ на активности и финансиски средства од програмата", во табелата, по реден број „11" се додава нов реден број „12" кој гласи:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | Реконструкција и партерно уредување на парк, ул. Андон Шурков, партер помеѓу колективни станбени згради | 3.105.000,00 | 5.025.795,00 | 8.130.795,00 |

2. Во редот „Вкупно", во колоната „Буџет на Општина Велес" износот „8.337.145,00" се заменува со износот „11.442.145,00".

3. Во редот „Вкупно", во колоната „Надворешни фондови" износот „19.768.114,00" се заменува со износот „24.793.909,00".

4. Во редот „Вкупно", во колоната „Вкупно" износот „28.105.259,00" се заменува со износот „36.236.054,00".

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-841/6
29.01.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.7**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на 60-тата седница одржана на ден 29.01.2025 година.

Број 08-843/4
29.01.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002год, Службен весник на РСМ бр.202/24) а во врска со член 33 од Законот за буџети ( Службен весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016год.) по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,
Советот на Општина Велес на 60. седница,одржана на 29.01.2025 година, донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес**

**за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година на следниот начин :

| Потпрограма / Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **F30** | **УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА** | | | | | |
| 424320 | Одржување на автопати, улици и патишта | -732.593 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **GA0** | **ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ** | | | | | |
| 482920 | Изградба на други објекти | 3.105.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J30** | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | -3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **R10** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА** | | | | | |
| 424590 | Одржување на други зелени површини | 429.070 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **RA0** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА (КАПИТАЛ** | | | | | |
| 480190 | Купување на друга опрема | 198.523 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр.25-841/7
29.01.2025г.
В е л е с

Претседател на Советот на
Општината
**Даниел Јаневски**

**Бр.8**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за проширување на средствата на**
**Буџетот на Општина Велес за 2025 година**

Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на 60-тата седница одржана на ден 29.01.2025 година.

Број 08-843/5
29.01.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 год и Службен весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 34 од Законот за буџети ( Службен весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016 год.) по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,
Советот на Општина Велес на 60. седница,одржана на 29.01.2025 година, донесе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **Велес**
За **2025** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаВелес
за 2025 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки : | | | | | |
| 742119 | **Други општи и тековни донации** | 0 | 0 | 3.716.850 | 0 |
| | | **0** | **0** | **3.716.850** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потставки : | | | | | |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420220 | **Патување во странство - патни расходи** | 0 | 0 | 1.311.587 | 0 |
| 420230 | **Патување во странство - сместување** | 0 | 0 | 1.747.469 | 0 |
| 426990 | **Други оперативни расходи** | 0 | 0 | 657.794 | 0 |
| | | **0** | **0** | **3.716.850** | **0** |

Бр. 25-841/8
29.01.2025г.
В е л е с

Претседател на Советот на Општината
**Даниел Јаневски**

**Бр.9**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година**

Се објавува Решението за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 60-тата седница одржана на ден 29.01.2025 година.

Број 08-843/6
29.01.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 20 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2025 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 15/24), член 5 став 1 алинеја 3 од Правилникот за утврдување на критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес со бр.25-3143/8 од 01.07.2022 година

Советот на Општина Велес на 60-тата седница одржана на ден 29.01.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година**

1.Се одобрува исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година во висина 35.000,00 денари, на име еднократна парична помош на Елизабета Арсова за лекување.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2025 година, Програма А-Совет на Општина Велес, Потпрограма А0 – Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413 потставка, 413110 – тековни резерви.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Велес да го изврши наведеното решение и да ги исплати одобрените средства.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-841/9
29.01.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.10**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2025 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 60-тата седница одржана на ден 29.01.2025 година.

Број 08-843/7
29.01.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.01.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2025 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Велес за 2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-841/10
29.01.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21) и член 134 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/07,3/09, 18/10 и 1/21), по предлог на Комисијата за изготвување на Програмата на Советот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 60-тата седницата одржана на ден 29.01.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина Велес 2025 година**

**I. ЦЕЛИ**

Основни цели на Програмата за работа на Советот на Општина Велес за 2025 година се:

-Програмирање на работата на Советот за тековната година;

-Реализација на надлежностите, што со закон се ставени во надлежност на Советот;

-Продлабочување на соработката со јавните служби основани од општината;

-Јавност и транспарентност во извршувањето на активностите за 2025 година.

**II.АКТИВНОСТИ**

**I-во тримесечје**

| Ред. бр. | Наслов | Рок на разгледување на материјалот | Предлагач | Изготвувач |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) на Општина Велес за квартал 01.01.2024 до 31.12.2024 година | **I**-во тримесечје<br>февруари | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 2. | Завршна сметка на Општина Велес за 2024 година | **I**-во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 3. | Завршна сметка за 2024 година на општинските основни училишта | **I**-во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | ООУ | Општински основни училишта |
| 4. | Завршна сметка за 2024 година на општинските средни училишта | **I**-во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | ОСУ | Општински средни училишта |
| 5. | Завршна сметка за 2024 година на Локална библиотека „Гоце Делчев“ | **I**-во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | Локална библиотека „Гоце Делчев“ | Локална библиотека „Гоце Делчев“ |
| 6. | Завршна сметка за 2024 година на Локална установа „Народен музеј“ | **I**-во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | Локална установа | Локална установа „Народен музеј“ |
| 7. | Завршна сметка за 2024 година на Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес | **I**-во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | Јавна установа | Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев“Велес |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Завршна сметка за 2024 година на ЈКП „Дервен“ | **I-**во тримесечје<br><br>најдоцна до 15 март | Јавно претпријатие | ЈКП „Дервен“ |
| 9. | План за работа на ЈКП „Дервен„ за 2025 година | **I-**во тримесечје<br><br>најдоцна до 15 март | Јавно претпријатие | ЈКП „Дервен“ |
| 10 | Завршна сметка за 2024 година на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ Велес | **I-**во тримесечје<br><br>најдоцна до 15 март | Јавно претпријатие | ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ Велес |
| 11 | Годишен извештај за 2024 година на Општина Велес | **I-**во тримесечје<br><br>најдоцна до 15 март | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања<br>и одговорен сметководител |
| 12 | Годишен извештај за јавната безбедност на подрачјето на Општината за 2024 година | **I-**во тримесечје<br>март | СВР Велес, ПС ОН Велес | СВР Велес, ПС ОН Велес |
| 13 | Програми за реализирање на ученички екскурзии и други слободни активности | **I-**во тримесечје<br><br>(30 дена пред нивно изведување**)** | ООУ | Општински основни училишта |
| 14 | Годишен извештај за работата на ЈКП „Дервен“ Велес за 2024 година | **I-**во тримесечје | Јавно претпријатие | ЈКП „Дервен“ |
| 15 | Годишен извештај за работата на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“'Велес за 2024 година | **I-**во тримесечје | Јавно претпријатие | ЈПССО „Парк спорт“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16 | Квартален извештај на<br><br>ЗЈП РЦ Стационар „Шепа“Кавадарци за период од 01.10.2024 год. до 31.12.2024 год. | **I-**во тримесечје | ЗЈП | ЗЈП Стационар Шепа |
| 17 | Годишен извештај за работа на ЗЈП РЦ Стационар „Шепа“Кавадарци за 2024 година | **I-**во тримесечје | ЗЈП | ЗЈП Стационар Шепа |
| 18 | Завршна сметка на ЗЈП РЦ Стационар „Шепа“Кавадарци за 2024 година | **I-**во тримесечје<br><br>најдоцна до 15 март | ЗЈП | ЗЈП Стационар Шепа |
| 19 | Извештај за работата на Локална библиотека „Гоце Делчев“2024 година | **I -**во тримесечје | ЛБ „Гоце Делчев„ | Локална библиотека „Гоце Делчев“ |
| 20 | Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2024 година | **I-**во тримесечје<br><br>најдоцна до 31 март | ВПР | Центар за Вардарски плански регион |
| 21 | Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Велес за 2024 година | **I-**во тримесечје | ЈКП „Дервен“ | ЈКП „Дервен“ |
| 22 | Годишен извештај за реализација на Програмата за подигнување и уредување на нови зелени површини за 2024 година | **I-**во тримесечје | ЈКП „Дервен“ | ЈКП „Дервен“ |
| 23 | Годишен извештај за реализација на Програмата за уредување на јавно зеленило за 2024 година | **I-**во тримесечје | ЈКП „Дервен“ | ЈКП „Дервен“ |
| 24 | Информација за движењето на акутните заразни заболувања на подрачјето на Општина Велес за 2024 година | **I-**во тримесечје | ЈЗУ ЦЈЗ Велес | ЈЗУ ЦЈЗ Велес |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25 | Информација за состојбата со водоснабдувањето и безбедноста на водата за пиење во Општина Велес во 2024 година | **I**-во тримесечје<br><br>март | ЈЗУ ЦЈЗ Велес | ЈЗУ ЦЈЗ Велес |
| 26 | Информација за санитарно-хигиенската состојба на водата во акумулацијата Езеро Младост во 2024 година | **I**-во тримесечје<br><br>март | ЈЗУ ЦЈЗ Велес | ЈЗУ ЦЈЗ Велес |
| 27 | Информација за следење на безбедноста и биолошкиот квалитет на исхраната во ОЈУДГ „Димче Мирчев“, ООУ „Блаже Конески“ и ОУД „Лазар Лазаревски“ во 2024 година. | **I**-во тримесечје<br><br>март | ЈЗУ ЦЈЗ Велес | ЈЗУ ЦЈЗ Велес |
| 28 | Оперативна Програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на општина Велес за 2025 година | **I**- во тримесечје | Градоначалник | Одделение за животна средина |
| 29 | Програма за работа на Советот на Општина Велес во 2025 година. | **I**-во тримесечје | Комисија за изготвување на Програмата | Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа |
| 30 | Програма за хуман третман и<br><br>благосостојба на бездомни животни на Заедничкото јавно<br><br>претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни<br><br>миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА<br><br>Кавадарци за 2025 година | **I –**во тримесечје | ЗЈП „Шепа“ | ЗЈП „Шепа“ |

**II-ро тримесечје**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Квартален извештај на Општина Велес за I квартал 2025 година | **II-**ро тримесечје<br>мај | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 2. | Тримесечен извештај за работата на ЈКП „Дервен“2025 година | **II-**ро тримесечје<br>(најдоцна 35 дена<br>по истек на тримесечјето) | Јавно претпријатие | ЈКП „Дервен“ |
| 3. | Тримесечен извештај за работата на ЈП„Парк-спорт и паркинзи“ 2025 година | **II-**ро тримесечје<br>(најдоцна 35 дена<br>по истек на тримесечјето) | Јавно претпријатие | ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ |
| 4 | Тримесечен извештај за работата на ЗЈП РЦ Стационар „Шепа“Кавадарци<br>за период од 01.01.2025 до 31.03.25 | **II-**ро тримесечје<br>(најдоцна 35 дена<br>по истек на тримесечјето) | ЗЈП | ЗЈП Стационар Шепа |

**III-то тримесечје**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Квартален извештај на Општина Велес за II квартал 2025 година | **III**-то тримесечје<br>август | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 2. | Полугодишен извештај за работата на ЈКП „Дервен“ 2025 година | **III**-то тримесечје септември | Јавно претпријатие | ЈКП „Дервен“ |
| 3. | Полугодишен извештај за работата на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“2025 година | **III**-то тримесечје<br>септември | Јавно претпријатие | ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ |
| 4 | Тримесечен извештај за работата на ЗЈП РЦ Стационар „Шепа“Кавадарци за период од<br>01.04.25 до 30.06.25 | **III**-то тримесечје | ЗЈП | ЗЈП Стационар Шепа |
| 5. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2024/2025 година на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ | **III**-то тримесечје<br>30 септември | СОУ | СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ |
| 6. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2024/2025 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ | **III**-то тримесечје<br>30 септември | ОСУ | ОСУ „Јовче Тесличков“ |
| 7. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2024/2025 година на ССОУ „Димитрија Чуповски“ | **III**-то тримесечје<br>30 септември | ССОУ | ССОУ „Димитрија Чуповски“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 8. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2024/2025 година на ОУД „Лазар Лазаревски“ | **III-**то тримесечје<br><br>Најдоцна до 15 септември | ОУД | ОУД „Лазар Лазаревски“ |
| 9. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2024/2025 година на ООУ „Васил Главинов“ | **III**-то тримесечје<br><br>До 31 август | ООУ | ООУ „Васил Главинов“ |
| 10. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2024/2025 година на ООУ „Блаже Конески“ | **III**-то тримесечје<br><br>До 31 август | ООУ | ООУ „Блаже Конески“ |
| 11. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2024/2025 година на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ | **III**-то тримесечје<br><br>До 31 август | ООУ | ООУ „Св.Кирил и Методиј“ |
| 12. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2024/2025 година на ООУ „Панко Брашнаров“ | **III**-то тримесечје<br><br>До 31 август | ООУ | ООУ „Панко Брашнаров“ |
| 13. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2024/2025 година на ООУ | **III**-то тримесечје | ООУ | ООУ „Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | „Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари | До 31 август | | |
| 14. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2024/2025 година на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с.Иванковци | **III**-то тримесечје<br><br>До 31 август | ООУ | ООУ „Стојан Бурчевски Буридан “ с. Иванковци |
| 15. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2024/2025 година на ООУ „Лирија“ с. Бузалково | **III**-то тримесечје<br><br>До 31 август | ООУ | ООУ „Лирија“ село Бузалково |
| 16. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2024/2025 година на ООМУ „Стефан Гајдов“ | **III**-то тримесечје<br><br>До 31 август | ООМУ | ООМУ „Стефан Гајдов“ |
| 17. | Годишна програма за работа на ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ во учебната 2025/2026 година | **III**-то тримесечје<br><br>најдоцна до 30 септември | ОСУ | ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ |
| 18. | Годишна програма за работа на ОСУ „ Јовче Тесличков“<br><br>во учебната 2025/2026 година. | **III**-то тримесечје<br><br>најдоцна до 30 септември | ОСУ | ОСУ „ Јовче Тесличков“ |
| 19. | Годишна програма за работа на ОССУ „Димитрија Чуповски“ во учебната 2025/2026 година. | **III**-то тримесечје<br><br>најдоцна до 30 септември | ОССУ | ССОУ „Димитрија Чуповски“ |
| 20. | Годишна програма за работа на ОУД „Лазар Лазаревски“ | **III**-то тримесечје | ОУД | ОУД „Лазар Лазаревски“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | во учебната 2025/2026 година. | најдоцна до 15 септември | | |
| 21. | Годишна програма за работа на ООУ „Васил Главинов“ во учебната 2025/2026 година. | **III-**то тримесечје<br><br>најдоцна до 31 август | ООУ | ООУ „Васил Главинов“ |
| 22. | Годишна програма за работа на ООУ „Блаже Конески“ во учебната 2025/2026 година. | **III-**то тримесечје<br><br>најдоцна до 31 август | ООУ | ООУ „Блаже Конески“ |
| 23. | Годишна програма за работа на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ во учебната 2024/2026 година. | **III-**то тримесечје<br><br>најдоцна до 31<br>август | ООУ | ООУ „Св.Кирил и Методиј“ |
| 24. | Годишна програма за работа на ООУ „ Панко Брашнаров“ во учебната 2025/2026 година. | **III-**то тримесечје<br><br>најдоцна до 31 август | ООУ | ООУ „Панко Брашнаров“ |
| 25. | Развојна програма за работа на ООУ „ Панко Брашнаров“за период од 2025-2029 година | III-то тримесечје<br><br>најдоцна до 31 август | ООУ | ООУ „Панко Брашнаров“ |
| 26. | Годишна програма за работа на ООУ „Рајко Жинзифов “с. Горно Оризари во учебната 2025/2026 година | **III-**то тримесечје<br><br>најдоцна до 31 август | ООУ | ООУ„Рајко Жинзифов“<br>с. Горно Оризари |
| 27. | Годишна програма за работа на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци во учебната 2025/2026 година | **III-**то тримесечје<br><br>најдоцна до 31 август | ООУ | ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци |
| 28. | Годишна програма за работа на ООУ „Лирија“ село Бузалково Велес во учебната 2025/2026 година | **III-**то тримесечје | ООУ | ООУ „Лирија“ село Бузалково Велес |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | најдоцна до 31 август | | |
| 29. | Годишна програма за работа на ООМУ „Стефан Гајдов“ во учебната 2025/2026 година | **III**-то тримесечје<br><br>најдоцна до 31 август | ООМУ | ООМУ „Стефан Гајдов“ |
| 30. | Согласност за паралелки со помал број на ученици | **III**-то тримесечје | ООУ и ОСУ | Општински училишта |
| 31. | Годишен план за вработување на ЈКП „Дервен“ Велес за 2025 година | **III**-то тримесечје<br><br>најдоцна до 01-ви септември да го достават до Совет, а Советот најдоцна во рок од еден месец да даде согласност | ЈКП „Дервен“ Велес | ЈКП „Дервен“ Велес |

**IV-то тримесечје**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Квартален извештај на Општина Велес за III квартал 2025 година | **IV**-то тримесечје<br><br>ноември | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 2. | Извештај за работењето на ЈКП „Дервен“ во период од 1-9 месец 2025 година | **IV**-то тримесечје<br><br>декември | ЈКП „Дервен“ | ЈКП „Дервен“ |
| 3 | Квартален извештај на ЗЈП РЦ Стационар Шепа Кавадарци за период од 01.07.2025 год. до 31.09.2025 год. | **IV**-то тримесечје | ЗЈП | ЗЈП „Стационар Шепа“ |
| 4 | Одлука за доделување на награда за најстудент | **IV**-то тримесечје | Комисија за општествени дејности | Комисија за општествени дејности |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | „Професор д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2025 година | најдоцна до 31 октомври | | |
| 5 | Одлука за доделување на награда за животно дело „Гемиџии“ за 2025 година | IV-то тримесечје<br><br>најдоцна до 31 октомври | Комисија за општествени дејности | Комисија за општествени дејности |
| 6 | Одлука за доделување на 9-то Ноемвриски признанија на Општина Велес за 2025 година | IV-то тримесечје<br><br>најдоцна до 31 октомври | Комисија за општествени дејности | Комисија за општествени дејности |
| 7. | Извештај за работата на Комисијата и Одлука за доделување стипендии на талентирани ученици и студенти за учебната 2025/2026 година | **IV -**то тримесечје | Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес | Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес |
| 8. | План на Програма за развој (Партерно уредување на Плоштад и изградба на подземна катна гаража – фаза 1) | IV-то тримесечје<br><br>до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 9. | План на Програма за развој (Регулација на река Вардар во должина од 253м на потег од под Мало мовче до под Стар мост) | IV-то тримесечје<br><br>до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 10. | План на Програма за развој (Реконструкција на дел од улиците Раштански пат, Димитар Влахов, Борис Трајковски и Алексо Демниевски Бауман) | IV-то тримесечје<br><br>до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 11. | План на Програма за развој (Реконструкција на дел од улиците Петре Прличко, | IV-то тримесечје | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Кресненско востание и Нада Бутникошарева) | до 15-ти ноември | | |
| 12. | План на Програма за развој (Реновирање и модернизација на системот за улично осветлување во општина Велес) | IV-то тримесечје<br>до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 13. | Програма за уредување на градежно земјиште во 2026 година | IV-то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 14. | Програма за зимско одржување на патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2025/2026 година | **IV**-то тримесечје<br>најдоцна до 15 октомври | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 15 | Програма за изработка на урбанистички планови во 2026 година | IV-то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за урбанизам |
| 16. | Програма за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година | IV-то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за евроинтеграции и локален економски развој |
| 17. | Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2026 година | **IV-**то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |
| 18. | Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка во 2026 година | **IV-**то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за поддршка на Градоначалникот |
| 19. | Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади | **IV-**то тримесечје | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | во 2026 година | најдоцна до 30 ти ноември | | |
| 20. | Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2026 година | **IV**-то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |
| 21. | Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2026 година | **IV**-то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |
| 22. | Програма за активностите на Општина Велес во областа образованието во 2026 година | **IV-**то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |
| 23. | Програма за активностите на Општина Велес во областа за заштита и спасување и противпожарна заштита во 2026 година. | **IV**-то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа |
| 24. | Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година | **IV**-то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за животна средина |
| 25. | Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2026 година | **IV**-то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за животна средина |
| 26. | Оперативна програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес во 2026 година | **IV**-то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за животна средина |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 27. | Буџет на Општина Велес за 2026 година | **IV-**то тримесечје<br><br>до 31-ви декември | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 28. | Одлука за извршување на Буџетот на општина Велес за 2026 година | **IV-**то тримесечје<br><br>до 31-ви декември | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 29. | Буџетски календар за 2026 година | **IV-**то тримесечје<br><br>декември | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања<br>и одговорен сметководител |
| 30. | Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2026 година | **IV-**то тримесечје<br>до 31-ви декември | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 31. | Одлука за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2026 година | **IV-**то тримесечје | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 32. | Одлука за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми, пасишта, ливади на територијата на Општина Велес за 2026 година | **IV-**то тримесечје | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 33. | Одлука за определување на критериумите за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот | **IV-**то тримесечје | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 34. | Годишна програма за работата на ЈП „Парк спорт паркинзи“ за 2026 година | **IV-**то тримесечје | Јавно претпријатие | ЈП „Парк Спорт и Паркинзи“ Велес |
| 35. | Годишна програма за работа на културната установа – Локална | **IV-**то тримесечје | Локална установа | Локална библиотека „Гоце Делчев“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | библиотека „Гоце Делчев“ за 2026 година. | | | |
| 36. | Годишна програма за работа на Локалната установа „Народен музеј“ за 2026 година. | **IV-**то тримесечје | Локална установа | Локална установа „Народен музеј“ |
| 37. | Деветмесечен извештај за работата на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ 2025 година. | **IV**-то тримесечје | Јавно претпријатие | ЈП„Парк спорт и паркинзи“ |
| 38. | Годишен извештај за работа на Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ 2024/2025 година. | **IV**-то тримесечје | Управен одбор на ОЈУДГ Детска градинка „Димче Мирчев“ | ОЈУДГ Детска градинка „Димче Мирчев“ |
| 39. | Годишна програма за работа на Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ 2025/2026 година. | **IV -**то тримесечје<br>до 30-ти септември | Управен одбор на ОЈУДГ Детска градинка „Димче Мирчев“ | ОЈУДГ Детска градинка „Димче Мирчев“ |
| 40. | Годишен план за вработување за 2026 година на Општинската јавна установа за деца Детска градинка Димче Мирчев“ | **IV -**то тримесечје<br>најдоцна до 01-ви септември да го достават до Совет, а Советот најдоцна во рок од еден месец да даде согласност | Директор на ОЈУДГ Детска градинка „Димче Мирчев“ | ОЈУДГ Детска градинка „Димче Мирчев“ |
| 41. | Годишен план за<br>вработување на ЗЈП „Стационар Шепа“ Кавадарци за 2026<br>година | IV –то тримесечје<br>најдоцна до 01-ви септември да го достават до Совет, а Советот најдоцна во рок од еден месец да даде согласност | ЗЈП „Шепа“ | ЗЈП „Шепа“ |
| 42. | Програма и план за работа на<br>ЗЈП ,,Стационар Шепа" Кавадарци за 2026 година | IV -то<br>тримесечје | ЗЈП „Шепа“ | ЗЈП „Шепа“ |

**III.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Согласно вака планираните активности по оваа Програма, јавните служби основани од Општината се должни тримесечните извештаи за работата во тековната година до Советот на Општина Велес да ги доставуваат веднаш по изминувањето на рокот за кој се задолжени со закон.

Програмата за работа на Советот во текот на годината може да се дополнува со други содржини кои ќе произлезат од тековните активности на Општина Велес и јавните служби основани од Општината.

Годишните програми и Буџетот ќе бидат донесувани во две фази и за истите ќе бидат организирани јавни расправи.

Советот на Општина Велес во тековната година, покрај вака планираното донесува и повеќе одлуки, информации, извештаи и решенија.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-841/10
29.01.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.11**

Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2025 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 60-тата седница одржана на ден 29.01.2025 година.

Број 08-843/8
29.01.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.01.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2025 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2025 година и го донесе следниот заклучок:

- Во Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2026 година да биде додадена нова точка, која ќе гласи:

Одбележување на 15 ти јануари, денот кога било извршено масовното убиство на 53 затвореници, соработници на бугарскиот фашистички окупатор, што се случило на 15 јануари 1945 година близу Велес, извршено од страна на ОЗНА.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-841/11
29.01.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21)

Советот на Општина Велес на 60-тата седница одржана на ден 29.01.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2025 година**

Поаѓајќи од историските традиции, културните и други збиднувања во Република Северна Македонија, а посебно во Општината Велес, во 2025 година Општина Велес ќе се вклучи, а во одредени случаи ќе биде и носител на одбележувањето на следните значајни настани и личности:

| ДАТУМ | НАСТАН |
|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | |
| **6 јануари** | **82 години** од загинувањето на Киро Ќучук, Нонча Камишова, Стојан Бурчевски, Киро Неделков и Јордан Јорданов |
| Носител | Општинска организација на Сојузот на борците на народноослободителната и антифашистичката војна во Македонија 1941-1945 |
| **7 јануари** | **82 години** од загинувањето на Трајко Бошковски – Тарцан и<br>**82 години** од загинувањето на Маца Овчарова<br>с. Сливник |
| Носител | Општинска организација на Сојузот на борците на народноослободителната и антифашистичката војна во Македонија 1941-1945 |
